РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Самостојно одделение за стратешко планирање

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА

јануари 2022 година

## ВОВЕД

Главната цел на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија, како и да креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем кој ќе стимулира фер и одржлив економски раст во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно врзани со подготовката на стратешките документи како: Фискална стратегија со која се дефинира среднорочната фискална, макроекономската политика и политиката на јавен долг, подготовка на Буџетот на Република Северна Македонија, Програмата на економски реформи и Програмата за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии, во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, внатрешната финансиска контрола како и активности во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување на перењето пари и финансирање на тероризам.

Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотно-правни работи, како органи во состав на Министерството за финансии.

## 1. ПРОГРАМИ

Активностите на Министерството за финансии во текот на 2021 година беа насочени кон остварување на стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за интензивирање на процесите за интеграцијата во ЕУ и НАТО, справување со светската пандемија, долгорочен и одржлив економски раст, одржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, подобрена наплата на приходите и рационално и наменско трошење на јавните средства, кои ќе придонесат за подобрување на животниот стандард на населението.

Министерството за финансии во текот на 2021 година во рамките на своите законски надлежности ги реализира следниве програми со мерки и активности кои се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии, содржани во Одлуката за утврдување на стратешки приоритети во 2021 година (објавено во Службен весник на РСМ, бр. 243/20):

- ✓ Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- ✓ справување со светската пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19;

- ✓ успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- ✓ владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- ✓ квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- ✓ модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;
- ✓ целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и
- ✓ заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

За остварување на наведените стратешки приоритети, Министерство за финансии ги превзема мерките кои ќе придонесуваат за реализација на истите дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- ✓ задржување на финансиската и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста;
- ✓ фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфраструктурни проекти;
- ✓ предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем, намалување на сивата економија, поттикнување на приватната иницијатива и инвестиции;
- ✓ реформи во јавните финансии, подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно известување;
- ✓ етапно воведување во неколку пилот институции буџетско финансирање по принципот на исполнување на развојни индикатори (СМАРТ Клучни перформансни индикатори);
- ✓ ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европска Унија и националните финансиски интереси, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при импле- ментацијата на ЕУ фондовите;
- ✓ ефикасно користење на ЕУ пристапната помош и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на прилагодување на системот за управување со структурните фондови;
- ✓ одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови;
- ✓ креирање на сеопфатен национален развоен план за долгорочен и одржлив развој запазувајќи ги принципите на инклузивност, кохерентност и транспарентност;
- ✓ воведување на секторски пристап и паметна специјализација и насочување на инвестициите во клучни економски сектори со потенцијал за раст;

Со Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2021 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 4 програми, и тоа:

**Програма: Администрација**

**Потпрограма 1: Администрација**

1.1. Финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства
1.2. Внатрешна ревизија во Министерство за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор,
1.3. Јавна внатрешна финансиска контрола,
1.4. Финансиски прашања и сервисирање на обврските,
1.5. Реализација на Планот за јавни набавки и следење на реализација на склучени договори,
1.6. Второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања од должниците
1.7. Одржување на ИКТ инфраструктура и ИТ поддршка на апликативни решенија

**Програма: Макроекономска и фискална политика**

**Потпрограма 2: Макроекономска и фискална политика**

2.1. Макроекономска политика и подготовка на проекции на макроекономски индикатори,
2.2. Управување со јавните финансии , подоготовка на Фискална стратегија, Буџет на РСМ и извршување на Буџет,
2.3. Трезорско работење, извршување и ликвидност на Буџетот,
2.4. Меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг,
2.5. Управување со средства од ИПА фондови,
2.6. Централно финансирање и склучување договори со донатори и фондови (ЦФСД)
2.7. Јавни приходи и даночна и царинска политика,
2.8. Стратешко планирање

**Програма: Финансиски систем**

**Потпрограма3: Финансиски систем**

3.1. Надградба и усогласување на регулативата од областа на банкарски и небанкарски институции,
3.2. Надградба и усогласување на регулативата од областа на пазарот на капитал,
3.3. Надградба и усогласување на регулативата од областа на сметководствен систем, платен промет и ревизија
3.4. Надградба и усогласување на регулативата од областа на игрите на среќа и на забавните игри,
3.5. Надградба и усогласување на регулативата од областа на системот на осигурување и реосигурување,

**Програма: Имотно-правни работи**

**Потпрограма 70 и 71: Управа за имотно правни работи и подрачни одделенија**

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Поради вонредните околности поврзани со пандемијата со вирусот COVID-19, економско-финансиската состојба во земјава, како и пописот на населението, предизборниот и изборниот процес за локалната власт, дел од планираните мерки и активности не можеа да се реализираат во роковите предвидени со Годишниот план за 2021 година. Поголемиот дел од овие нереализирани мерки и активности се пренесени за реализација во Годишниот план за 2022 година.

### 2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

#### 2.1.1 ПРОГРАМА АДМИНИСТРАЦИЈА

Согласно Годишниот план за работа во текот на 2021 година во програмата **Администрација** беа предвидени да се реализираат вкупно 57 мерки/активности, од кои 50 се реализирани во целост согласно предвидената динамиката во текот на целата година, зависно од тоа дали се реализирани квартално или во континуитет, додека 7 активности не се спроведени од следните причини, и тоа:

- 2 мерки/активности се поврзани со донесувањето на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор,

- 5 мерки/активности ќе бидат спроведени по усвојувањето на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор од страна на Собранието на РСМ.-

-1 мерка/активност (ГПЈН) делумно не е реализиран поради прераспределба на буџетски средства заради економската состојба во државата.

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | - Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;<br>- владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;<br>- модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти. |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | Административна и информатичка поддршка на Министерството за непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, подобрување на системот за управување со квалитет, зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување на внатрешна ревизија, спроведување на финансиска инспекција и зајакнување на финансиската дисциплина со цел зајакнување на контролата во трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор и корисници |

| | | |
|---|---|---|
| | на јавни средства или гаранции, ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европска Унија и националните финансиски интереси, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите, наплата на побарувања пренесени по законски основи во Министерството за финансии, побарувања генерирани од Компензациони фондови како и наплата на побарувања по основ на јавен долг. | |
| Назив на програмата/потпрограмата:<br>**Програма: Администрација**<br>**Потпрограма 1: Администрација** | **Цел на подпрограмата:**<br>Непречено функционирање на Министерството, редовно сервисирање на обврските, подобрување на системот за управување со квалитет, зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола и спроведување на внатрешна ревизија, спроведување на финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор, ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европска Унија и националните финансиски интереси, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите, наплата на побарувањата, ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања, продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки. | **Одговорни:**<br>Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата,<br>Сектор за внатрешна ревизија,<br>Сектор за јавна внатрешна финансиска контола,<br>Сектор за финансиски прашања,<br>Сектор за прани работи,<br>Сектор за второстепена управна постапка управни спорови и наплата на побарувања,<br>Сектор за информатика, |

| **Потпрограма 1.1: Финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства** | **Цел на подпрограмата:**<br>- Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување преку спроведување на финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор,<br>- Подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на ЕУ фондовите. | **Одговорен:**<br>Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, |
|---|---|---|

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| 1.Спроведување на инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор | Извршени финансиски инспекции над трошењето на јавните средства кај субјектите од јавниот сектор | 189 извршени финансиски инспекции | |
| 2.Спроведување на Акцискиот план за имплементација на Национална стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ | Процент на реализација на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската | Согласно Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија 73 од предвидените активности се целосно реализирани или и се во тек на реализација, со цел обезбедување ефективна и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Унија во Република Северна Македонија 2019–2022 | ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси | |
| 3.Ревидирање на Националната стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ 2019-2022 | Ревидирана Национална стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ 2019-2022 | Изработен Евалуационен извештај за имплементација на Национална стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ 2019-2022 | Во рамките на ИПА твининг Проектот ревидирана е Национална стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ 2019-2022 |
| 4.Предлог -Уредба за утврдување на меѓусебните односи на структурите вклучени во системот на управување со неправилности и измами при користење на ЕУ средства | Донесена Уредба за утврдување на меѓусебните односи на структурите вклучени во системот на управување со неправилности и измами при користење на ЕУ средствата | Изработена е и одобрена од OLAF Предлог - Уредба за утврдување на меѓусебните односи на структурите вклучени во системот на управување со неправилности и измами при користење на ЕУ средства | Донесувањето на Предлог-Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на структурите вклучени во системот на управување со неправилности и измама при користење на ЕУ средствата зависи од донесувањето на новиот Закон за буџети во кој е предвиден и законскиот основ за нејзино донесување |
| 5.Предлог - Одлука за воспоставување институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување со средствата од Европската Унија | Донесена Одлука за воспоставување институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување со средствата од Европската Унија | Изработена е и одобрена од OLAF Предлог - Одлука за воспоставување институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување со средствата од Европската Унија | Донесувањето на Предлог - Одлуката за воспоставување институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување со средствата од Европската Унија, зависи од донесувањето на новиот Закон за буџети во кој е предвиден и законскиот основ за нејзино донесување |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1.Подготовка на Внатрешни постапки за работа на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата | Изготвувањето на внатрешни постапки/процедури за работа на Одделението за финансиска инспекција на субјектите на централно и на локално ниво е во тек и во рамки на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола“. | Изготвувањето и донесувањето на внатрешни постапки / процедури е поврзано со донесувањето на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор | |
| 2.Подготовка на подзаконски акти за добивање на лиценца за финансиски инспектор | Изготвувањето на подзаконски акти за добивање на лиценца за финансиски инспектор во рамки на Одделението за финансиска инспекција на субјектите на централно и на локално ниво - Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и борба против измама на ЕУ средствата, ќе се спроведе во текот на 2022 година во рамки на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите буџетско | Изготвувањето и донесувањето на подзаконски акти за добивање на лиценца за финансиски инспектор е поврзано со донесувањето на новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | планирање, извршување и внатрешна контрола“. | | |

| **Потпрограма 1.2: Внатрешна ревизија во Министерство за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор** | **Цел на подпрограмата:**<br>- Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии. | **Одговорен:**<br>Сектор за внатрешна ревизија | |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Спроведување на внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, согласно годишните планови за внатрешна ревизија. | Реализирање на 11 ревизии предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии. | Реализирани се планираните 11 внатрешни ревизии во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br>Ревизиите се реализирани во согласност со целите и динамиката предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.Изготвување на Годишни извештаи за активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити. | Изготвени Годишни извештаи за активностите на внатрешната ревизија согласно правната регулатива | Изготвени се Годишните извештаи за активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br><br>Годишните извештаи се изготвени навремено и се во согласност со правната регулатива. | / |
| 3.Изготвување на Стратешки планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити. | Изготвени Стратешки планови за внатрешна ревизија согласно правната регулатива | Изготвени се Стратешки планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити.<br><br>Стратешките планови се изготвени навремено и се во согласност со правната регулатива. | / |
| 4.Изготвување на Годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, | Изготвени Годишни планови за внатрешна ревизија согласно правната регулатива | Изготвени се Годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити. | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити. | | Годишните планови се изготвени навремено и се во согласност со правната регулатива. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1.3: Јавна внатрешна финансиска контрола** | | **Цел на подпрограмата:**<br>- Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола. | **Одговорен:**<br>Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола. |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Мерка 1.**<br>Програма за УЈФ П6.М1 Зајакнати законски прописи за ЈВФК и методолошка рамка<br>**Активност 1.1.**<br>Упатство за подготовка на интерни акти за начинот на планирање, подготовка и извршување | Подготвено е упатство | Делумно постигнати цели | Упатствата се составен дел на Нацрт правилникот за Финансиско управување и контрола, кој финално ќе |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на буџетот / финансискиот план, сметководството и финансиското известување, како дел од новиот прирачник за ФУК.<br><br>**Активност 1.2.**<br>Упатство за подготовка на интерни акти за набавки и склучување на договори<br><br>**Активност 1.3.**<br>Правилник за спроведување обука и испит и програма за сертификација на внатрешните ревизори<br>**Активност 1.4.**<br>Правилник за формата и содржината на уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор | Подготвено е упатство<br><br>Подготвен е правилник<br><br>Подготвен е правилник | Делумно постигнати цели<br><br>Делумно постигнати цели<br><br>Делумно постигнати цели | биде подготвен/донесен по усвојувањето од страна на Собранието на РСМ на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Воедно недонесувањето/пролонгирањето на усвојувањето на законот претставува и ризик во целосно постигнување на целите.<br><br>Подготвени се нацрт верзии на правилниците и истите ќе бидат донесен по усвојувањето од страна на Собранието на РСМ на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.<br>Воедно, недонесувањето/пролонгирањето на усвојувањето на законот претставува и ризик во целосно постигнување на целите. |
| **Мерка 2.**<br>Програма за УЈФ П6.М2 Зајакнати административни | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| капацитети за ФУК и ВР на централно и локално ниво<br>**Активност 2.1.**<br>Анализа на потребите за обуки, Програма и План за обуки за МФ и буџетските корисници врз основа на Политиката за ЈВФК и новиот Закон за ЈВФК<br>**Активност 2.2.**<br>Извештај со предлози за можни модели на национална програма за сертификација на внатрешни ревизори | Направена анализа<br><br>Направен извештај | Целосно постигнати цели<br><br>Целосно постигнати цели | За целосно спроведување на Програмата и Планот за обуки влијание може да има КОВИД-19 пандемијата |
| **Мерка 4.**<br>Политика за ЈВФК Мерка 1.3: Воспоставување / подобрување на каскадниот модел на цели во стратешките и годишните планови<br>**Активност 4.1.**<br>Подготовка на прашалник и спроведување самопроценка на постојните стратешки документи во четири пилот институции | Спроведена | Целосно постигнати цели | Активноста делумно е модифицирана и истата е спроведена во рамки на:<br>1. On line работилница на тема: „Односот помеѓу стратешкото и годишното планирање и планирањето на ресурсите и зајакнувањето на раководната отчетност“, одржана на 07.07.2021 (учесници: Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за култура, Министерството за финансии и Град Скопје)<br>2. On site работилница на тема: „Воспоставување на каскаден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | модел на цели во стратешките и годишните планови“ одржана во периодот од 28.9. - 01.10.2021г. во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за култура, Министерството за финансии и Град Скопје. |
| **Мерка 6.**<br>Политика за ЈВФК Мерка 3.1: Ажурирани и применети упатства за управување со клучните ризици<br>**Активност 4.1.**<br>Изготвување поедноставено упатство за управување со ризици. | Подготвено е упатство | Делумно постигнати цели | Упатствата се составен дел на Нацрт правилникот за Финансиско управување и контрола, кој финално ќе биде подготвен/донесен по усвојувањето од страна на Собранието на РСМ на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.<br>Воедно недонесувањето/пролонгирањето на усвојувањето на законот претставува и ризик во целосно постигнување на целите. |
| **Мерка 7.**<br>Политика за ЈВФК, Приоритет 8 Постојано следење на системот на внатрешна финансиска контрола<br>**Активност 7.1.** | Усвоен Годишен извештај | Целосно постигнати цели | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на Годишните извештаи за ЈВФК и подготовка на Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола | од Влада на РСМ на 17.08.2021 година | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка 3.**<br>Програма за УЈФ П6.М1А2 Промовирање на концептот на системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>**Активност 3.1.**<br>Организација на тркалезна маса - Презентација на нацрт Закон за ЈВФК пред релевантните засегнати страни | | | Активноста ќе биде спроведена по усвојувањето од страна на Собранието на РСМ на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. |
| **Мерка 5.**<br>Политика за ЈВФК Мерка 2.1: Зајакнување на отчетноста и линиите за известување, | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| обезбедување препораки и нивно спроведување во четири пилот институции<br>**Активност 5.1.**<br>Подготовка на прашалник и спроведување самопроценка на раководната отчетност во четири пилот институции | | | Активноста ќе биде модифицирана и спроведена во рамки на активностите на твининг проектот ,,Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и контрола,, во 2022 година. |
| **Мерка 6.**<br>Политика за ЈВФК Мерка 3.1: Ажурирани и применети упатства за управување со клучните ризици<br>**Активност 6.2.**<br>Подготовка на прашалник и спроведување самопроценка на управувањето со ризиците во четири пилот институции.<br>**Активност 6.3.**<br>Подготовка на прашалник и спроведување проценка на контролните активности во четири пилот институции. | | | Активноста ќе биде модифицирана и спроведена во рамки на активностите на твининг проектот ,,Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и контрола,, во 2022 година.<br><br>Активноста ќе биде модифицирана и спроведена во рамки на активностите на твининг проектот ,,Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и контрола,, во 2022 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка 7.**<br>Политика за ЈВФК, Приоритет 8 Постојано следење на системот на внатрешна финансиска контрола<br>**Активност 7.2.**<br>Спроведување проверки на квалитетот на работењето на ФУК и ВР од ЦЕХ | | | Проверките на квалитет ќе се спроведуваат по усвојувањето од страна на Собранието на РСМ на Предлог законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и донесувањето на подзаконските акти за спроведување на проверки на квалитет. |

| **Потпрограма 1.4: Финансиски прашања и сервисирање на обврските** | | **Цел на подпрограмата:**<br>- Редовно сервисирање на обврските према давателите на услугите. | **Одговорен:**<br>Сектор за финансиски прашања |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии | Прием на документација за исплата од Министерството за финансии и 34 Подрачни одделенија на МФ | Навремена исплата на обврските согласно добиената документација | Ризици кои влијаат на спроведување на наведената активност е тоа што Одделението за сметководство има недостаток на вработени лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.Учество во реализација на Проектот „Купи куќа купи стан“ | Прием на документација за исплата (Одлука за одобрување на субвенција, Образец за исплата на субвенции и Известување на исплата на субвенција) | Навремена исплата на ратите согласно добиената документација за исплата (Одлука за одобрување на субвенција, Образец за исплата на субвенција и известување за исплата на субвенција | Ризици кои влијаат на спроведување на наведената активност е тоа што Одделението за сметководство има недостаток на вработени лица |
| 3.Спроведување на попис на средствата и изворите на средства на Министерството | -Извештајот за попис на средствата и на изворите на средства<br>-Евидентирање на промените од пописот во програмот за основни средства | Врз основа на Извештаите од комисиите, изготвено е Решение за усвојување на извештајот за попис на средства и на изворите на средства | Ризици кои влијаат на спроведување на наведената активност е тоа што Одделението за сметководство има недостаток на вработени лица |
| 4.Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | Утврдување на среднорочните расходи и приходи од “вообичаените надлежности” кои произлегуваат од постојното законодавство, постојните обврски и задачи. Предлагање нови проекти и финансиски обврски. | Се користат податоци од организационите единици на МФ, органите во состав и проектните единици кои доставуваат предлози за буџетски средства до СФП, а се користи и анализа за реализацијата на буџетските средства во изминатиот период | Ризици кои би влијаеле на спроведувањето на активноста се да не се добијат предлози од надлежните единици како и неекипираност на одделението за буџетска координација |
| 5.Изработка на Предлог Буџетот на Министерството за финансии | 1.Собирање податоци и изработка на анализа за извршувањето на Буџетот | 1.Во месец јуни се достави циркуларно писмо до организационите единици на МФ и органите во состав на МФ под раздел 09001 и врз основа на нивните предлози се собираат | Ризици кои би влијаеле на спроведувањето на активноста се недобивање на предлози од надлежните единици како и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на Министерство за финансии.<br><br>2.Доставување на Предлог-Буџетот на Министерството за фианнсии до Секторот за буџети и фондови. | податоци потребни за Изработка на Предлог-Буџетот на Министерството за финансии.<br><br>2.Предлог Буџетот на Министерството за финансии се достави до Сектор за буџети и фондови во август 2020 година. | неекипираност на одделението за буџетска координација. |
| 6.Завршна сметка на Министерството за финансии | -Изготвување на бруто биланс и пополнување на обрасците на Завршните сметка на Министерството за финансии | Подготвање на на Годишниот финасиски извештај и подготовка на обрасците за Завршна сметка до Централен регистар, Државен завод за ревизија и Управата за јавни приходи | Ризици кои влијаат на спроведување на наведената активност е тоа што Одделението за сметководство има недостаток на вработени лица |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **Потпрограма 1.5: Реализација на Планот за јавни набавки и следење на реализација на склучени договори** | **Цел на подпрограмата:**<br>- Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализација на склучени договори | **Одговорен:**<br>Сектор за правни работи |
|---|---|---|

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Подготовка и реализација на Годишен План за јавните набавки на Министерството за финансии | Донесен годишен план за јавни набавки во предвидениот рок и реализација на планот за јавните набавки | Годишниот план за јавните набавки на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок.<br>Отпочната е рализацијата на предвидените набавки во ГПЈН | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Реализација на ГПЈН во целост. | Прераспределба на буџетски средства заради вонредната состојба во државата или поради промена на потребата на договорниот орган | Прераспределба на буџетски средства заради вонредната состојба во државата или поради промена на потребата на договорниот орган | Од планираните јавни набавки согласно со ГПЈН за 2021 година за 48 набавки се спроведени постапки за јавни набавки, за 28 јавни набавки постапката е во тек на спроведување, 14 од планираните набавки не се спроведени (поради прераспределба на буџетски средства заради вонредната состојба во државата или поради промена на потребата на договорниот орган), 7 планирани групни јавни набавки кои не ги спроведува Министерството за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | финансии, односно ги спроведува друг договорен орган |

| **Потпрограма 1.6: Второстепена управна постапка, управни спорови и наплата на побарувања од должниците** | | **Цел на подпрограмата:**<br>- Наплата на побарувања, ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања, продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки | **Одговорен:**<br>Сектор за второстепена управна постапка управни спорови и наплата на побарувања |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Изработка на извештаи за преземени мерки на наплата точка 5.5 од Процедурата за преземање на мерки за наплата на побарувањата број 01-5226/1 од 12.08.2019 година | Изработени извештаи за преземени мерки за наплата | Континуирана соработка со другите сектори | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.Писмена преписка со Државно правобранителство на Република Северна Македонија (барање известувања и одговори за состојбата на поведените постапки) | Соработка со Државниот правобранител за преземање на мерки за иницирање на нови постапки, ефикасно завршување на поведените постапки и преземање на мерки за реализација на правосилни и извршни акти и мерки за преземање на имот стекнат во стечајни постапки | Континуирана соработка со Државниот правобранител по разни основи | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 3.Барање за нови проценки и ургенции за процена на имот до Биро за судски вештачења | Доставени барања/ургенции за процена до Бирото за судски вештачења | Континуирана соработка со Бирото за судски вештачења | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 4.Постапување по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (донесување на управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставување до првостепените органи | Континуирана соработка со Управниот суд и Вишиот управен суд | |
| 5.Спроведување на акциски план за попис на имот | Спроведен акциски план за попис на имот | Реализиран во целост | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 6.Извештај на Комисијата за попис на побарувањата | Изготвен Извештај за попис на побарувањата и | Реализиран во целост | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и обврските и на недвижен и движен имот | обврските и на недвижен и движен имот | | |
| 7.Завршни сметки | Изготвени завршни сметки | Изготвени и доставени во рок | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 8.Поднесување на опомени и известувања до должници | Поднесени опомени и известувања до должници | Редовно и навремено поднесени опомени и известувања | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 9.Продажба на имот стекнат во постапка за наплата на побарувања за кој се добиени проценки од Биро за судски вештачења. | Изготвени Информации до Владата на Република Северна Македонија со предлог одлуки за продажба на имот | Донесени одлуки за продажба од Владата на Република Северна Македонија и доставени до надлежна Комисија | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа |
| 10.Постапување по заведени управни спорови пред Управниот и пред Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (дописи до првостепените органи, одговори на тужби и одговори на жалби до судовите. | Изготвени дописи/одговори на тужби/одговори на жалби до првостепените органи/Управен суд | Навремено изготвени дописи/одговори на тужби/одговори на жалби | |
| 11.Обезбедување на комплетна административно-техничка поддршка за | Обезбедена комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Обезбедена комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| следење на наплатата на побарувањата | | | |
| 12.Следење на почитување на одредбите од договорите и придржување на отплата на утврдените ануитети од страна на должниците - Проверка на првиот квартален смарт индикатор | Следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | Континуирано следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 13.Постапување по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување на управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставени до Управата за јавни приходи | Навремено донесени и доставени управни акти | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 14.Анализа и проценка на побарувањата кои од разни причини не можат да се наплатат, да се отпишат (по усвојување на Закон за Буџети) | Анализа и проценка на побарувањата кои од разни причини не можат да се наплатат, да се отпишат | Континуирана анализа и проценка на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 15.Ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања(по | Ажурирање на портфолиото на побарувањата кои треба да се отпишат и потврдување на реалната состојба со активните побарувања | Континуирано ажурирање на портфолиото | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| усвојување на Закон за Буџети) | | | |
| 16.Активирање на инструменти за заддршка на средства за поврат на ДДВ и заддршка на донации до Сектор за трезор/поднесување на барање за поведување на судска постапка за наплата на побарувања | Навремено активирање на инструменти | Навремено се активирани инструментите | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 17.Следење на почитување на одредбите од договорите и придржување на отплата на утврдените ануитети од страна на должниците -Проверка на вториот квартален смарт индикатор | Следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | Континуирано следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 18.Следење на почитување на одредбите од договорите и придржување на отплата на утврдените ануитети од страна на должниците -Проверка на третиот квартален смарт индикатор | Следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | Континуирано следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19.Проверка на првиот смарт индикатор за степен на расчистување на портфолио (доколку се исполнети законските услови) | Следење на преземени мерки за наплата на побарувањата | Континуирано следење на преземени мерки за наплата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 20.Следење на почитување на одредбите од договорите и придржување на отплата на утврдените ануитети од страна на должниците -Проверка на четвртиот квартален смарт индикатор | Следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | Континуирано следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 21.Проверка на вториот смарт индикатор за степен на расчистување на портфолио (доколку се исполнети законските услови) | Следење на преземени мерки за наплата на побарувањата | Континуирано следење на преземени мерки за наплата на побарувањата | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| 22.Проверка на годишен смарт индикатор за степен на продажба на имот | Редовно преземени дејствија за продажба на имот | Континуирано следење на продажбите на имотот | недоволен број на вработени лица во истоимениот сектор, во однос на големиот обем на работа. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

<table>
<tr><td colspan="2">Потпрограма 1.7: Одржување на ИКТ инфраструктура и ИТ подршка на апликативни решенија</td><td>Цел на подпрограмата:<br>- Континуиран развој и одржување на ИКТ инфраструктура и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ISO 27002: 2013 стандард/код за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите</td><td>Одговорен:<br>Сектор за информатика</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>Континуиран развој и одржување на ИКТ инфраструктура во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти</td><td>Спроведени ревизии, извршени финансиски инспекции, реализиран План за јавни набавки,, континуирана функционалност на ИКТ инфраструктурата и континуитет на бизнис процесите,</td><td>Следење на серверите и работните станици, апликативните решенија и континуитетот на бизнис процесите</td><td>оваа активност е во континуитет</td></tr>
<tr><td>Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија</td><td>Одржување и безбедност на информатичките апликации</td><td></td><td>оваа активност е во континуитет</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Имплементација на современ интегриран информационен систем за управување со јавните финансии | | Во врска со имплементацијата на современ интергриран информационен систем за управување со јавните финансии, со ангажман на консултанти, изработена е техничка спецификација за интергриран информационен систем за управување со јавните финансии. | оваа активност е во континуитет |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

### 2.1.2 Програма макроекономска и фискална полтика

Согласно Годишниот план за работа во текот на 2021 година во програмата **Макроекономска и фискална политика** беа предвидени да се реализираат вкупно 126 мерки односно активности, од кои 109 се реализирани во целост согласно предвидената динамиката во текот на целата година, зависно од тоа дали е реализирано квартално или во континуитет, додека 17 активности не се спроведени од следните причини, и тоа:

-2 мерки/активности (Изработка и доставувањето на Информацијата со предлог мерки за подобрување на деловната клима согласно препораките на Извештајот Doing Business на Светска банка до Владата на РСМ) не се спроведе поради известувањето од Светска банка за прекинување на изготвувањето и објавувањето на овој Извештај.
-3 мерки/активности (Закон за буџети и Завршната сметка за 2020 година) поради што истите сеуште се во собраниска процедура, додека Општина Пласница се уште не ги исполни условите за влез во втората фаза на фискалната децентрализација,
-5 мерки/активности од областа на меѓународните финансии (закони за задолжувања и гаранции) поради неисполнетите услови кои се основа за почеток на преговорите со донаторите (ЕИБ, ЕБОР и др.) за обезбедување на заеми и гаранции,

-3 мерки/активности од областа на ИПА фондовите кои се во континуитет и во 2022 година, како и

-4 мерки/активности поради дополнителни усогласувања со органите во состав од областа на даноците, истите се процесуирани за 2022 година.

Но, во текот на 2021 година поради наметнување на потребата како влијание на светската пандемија и економската состојба реализирани се дополнителни 12 активности кои не биле предвидени со ГП-2021 година (5 активности-измени на закони и правилници од областа на буџетите, 1 закон од областа на меѓународни финансиии и 6 активности- закони , одлуки, уредби и правилници од областа на даноците) .

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br><br><br><br>**Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | - обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;<br>- справување со светската пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19;<br>- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија; и<br>- модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.<br>- Задржување на финансиска и макроекономска стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и на вработеноста;-фискална одржливост и поддршка на економијата со инвестиции во инфра структурни проекти; унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност;<br>- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем, намалување на сивата економија, поттикнување на приватната иницијатива и инвестиции;<br>- реформи во јавните финансии, подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно известување;<br>- етапно воведување во неколку пилот институции буџетско финансирање по принципот на исполнување на развојни индикатори (СМАРТ Клучни перформансни индикатори);<br>- ефикасно користење на ЕУ пристапната помош и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на прилагодување на системот за управување со структурните фондови;<br>- одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови. |

| Назив на програмата/потпрограмата: | Цел на програмата: | Одговорен: |
|---|---|---|
| **Програма: Макроекономска и фискална политика** | Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе значи зголемување на благосостојбата и подобрување на квалитетот на живеењето во Република Северна Македонија | Сектор за макроекономска политика,<br>Сектор за буџет и фондови,<br>Сектор за трезор<br>Сектор за МФОУЈД<br>Сектор за управување со средства од инструментот за предпристапна помош -ИПА,<br>Сектор за ЦФСД<br>Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика,<br>Одделение за стратешко планирање<br>Виши програмски службеници/ИПА Координатори од ресорните министерства и институциите – кориснички |
| **Потпрограма 1: Макроекономска и фискална политика** | **Цел на потпрограмата:**<br>-Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување, како и координација во процесот на подготовка на Програмата за економски реформи.<br>-Спроведување на реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување на етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок, | |

| | | |
|---|---|---|
| | -Зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините, планирање на ликвидност и транспарентно известување.<br>-Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ,<br>-Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на даночниот и царинскиот систем со законодавството на ЕУ, обезбедување на праведен, ефикасен, транспарентен и достапен даночен систем. | |
| **Потпрограма 2.1: Макроекономска политика и подготовка на проекции на макроекономски индикатори** | **Цел на потпрограмата:**<br>-Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори, анализа на деловната клима и мерки за нејзино континуирано унапредување, како и координација во процесот на подготовка на Програмата за економски реформи. | **Одговорен:**<br>Сектор за макроекономска политика, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Подготовка на Програма на економски реформи | 1. ПЕР 2021 – 2023 е доставена до Влада на РСМ за усвојување.<br>2. ПЕР 2021-2023 е доставена до Европска Комисија.<br>3. Собирање, интегрирање, проверка и коригирање на материјали од надлежни институции.<br>4. Доставување Информација до Влада на РСМ за Програмата на економски реформи со акциски план за реализација на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог во Брисел.<br>5. Доставување на Програмата на економски реформи до заинтересираните страни | 1.1 На 20 јануари 2021 година ПЕР беше доставена до Владата на РСМ со цел нејзино усвојување. Владата на РСМ ја усвои ПЕР на седница одржана на 26 јануари 2021 година.<br>2.1 ПЕР 2021-2023 беше доставена до ЕК на 29 јануари 2021 година, што е согласно рокот кој ЕК го предвидува со Водичот за ПЕР.<br>3.1 Во периодот април – мај 2021 година во рамки на регионален проект поддржан од ЕУ беа одржани две работилници од страна на ЦЕФ, и тоа: во периодот 12-21 април се одржа работилница на тема: Мобилизација на чинителите за успешни структурни реформи, а во периодот 17-28 мај 2021 беше одржана работилница на тема: Вон фискалните импликации на структурните реформи, а со цел јакнење на капацитетите на институциите вклучени во изработка на ПЕР за креирање на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и пошироката јавност за консултации. | реформски мерки и нивно вклучување во буџетите.<br>Во септември 2021 година, надлежните институции доставија до МФ нацрт на секторска дијагностика и предлог реформски мерки за ПЕР 2022-2024 година, по што беше подготвен нацрт на структурни реформи во рамки на новата Програма. Во периодот септември–октомври ЦЕФ одржа уште 2 работилници со цел подобрување на квалитетот на предложените реформски мерки.<br>На 16 и 23 ноември се одржаа Советодавните мисии на ЕК за предложените мерки, при што во дискусија со институциите се дадоа предлози за подобрување на мерките.<br>4.1 Во август 2021 година до Владата беше поднесена и Владата ја усвои Информацијата за ПЕР 2022-2024 година со Акциски план за спроведување на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог од 12 јули 2021 година, која содржеше осврт на нивото на реализација на заклучоците од претходниот Економско-финансиски дијалог со ЕУ одржан во мај 2020 година, каде Република С. Македонија бележи најдобар резултат. Исто така, Информацијата ги содржеше новитетите во Водичот на ЕК за подготовка на ПЕР | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2022-2024 година, клучните предизвици кои земјата треба да ги надмине во идниот период, како и Акциски план за исполнување на заедничките заклучоци од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ од 12 јули 2021 и Работен план со временска динамика за подготовка на ПЕР 2022-2024 година.<br>Во октомври и декември 2021 година, надлежните институции доставија до МФ известување за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план за спроведување на препораките од Економско-финансискиот дијалог со ЕУ од 12 јули 2021 година.<br>5.1 Од 10 до 24 декември нацрт ПЕР 2022-2024, дел 5 - Структурни реформски мерки, беше објавен на интернет страната на МФ (https://finance.gov.mk/програма-на-економски-реформи/) како дел од процесот за консултации со јавноста, и истовремено беше доставена електронска покана до заинтересираните страни за доставување на мислење и забелешки во однос на мерките. Дополнително, на 16 декември во рамки на Работилница организирана од страна на ЦЕФ во Скопје, одржана е сесија со присутните заинтересирани страни за подобрување на нивната вклученост во јавните консултации за ПЕР. Нацрт ПЕР 2022-2024, дел 5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Структурни реформски мерки е доставен на разгледување и до Економско-социјалниот совет, согласно Годишната програма за работа на ЕСС за 2021 година. | |
| 2.Подготовка на Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија | 1. Собирање податоци и изработка на полугодишна анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ<br>2. Доставување на Извештајот за извршување на Буџетот на РСМ до Влада на РСМ | 1.1 Во текот на првата половина од 2021 година се собираа податоците потребни за изработка на полугодишната анализа за извршувањето на Буџетот на РСМ. Анализата беше подготвена во јули 2021 година.<br>2.1 Извештајот за извршувањето на Буџетот на РСМ за првите шест месеци беше доставен до Владата на РСМ до 31 јули 2021 година. | |
| 3.Реализација на проектот „Купи куќа, купи стан“ | 1. Објавување на Одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит<br>2. Разгледување и одлучување по барања за субвенциониран станбен кредит<br>3. Извештај за текот на спроведувањето на | 1.1. Одлуката за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит беше објавена во „Службен Весник на Република Северна Македонија“ и во согласност со истата, во 2021 година беше објавен јавен повик со времетраење од 1-ви јануари до 31-ви декември 2021 година.<br>1.2. Комисијата за евалуација спроведува постапки за избор на корисници за субвенциониран станбен кредит најмалку еднаш во период од 35 дена за сите добиени одлуки за пред | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | проектот „Купи куќа, купи стан“<br>4. Предлог-одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит | одобрување на субвенциониран станбен кредит.<br>3.1 Во декември 2021 година беше подготвен и доставен до Владата Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со предлог за затворање на проектот во 2022 година. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Подготовка на мерки за подобрување на деловното окружување согласно Извештајот Doing Business на Светска банка и следење на нивна реализација.<br>**Активности:**<br>1. Изработка на Информација со предлог мерки за подобрување на деловната клима согласно препораките на извештајот Doing | Во октомври 2020 година не беше објавен нов извештај Doing Business 2021 поради констатирани одредени недоследности во врска со податоците на извештајот кај некои земји, но се очекуваше истиот да биде објавен во текот на март 2021 година. Меѓутоа, во септември 2021 година менаџмент на Светска банка објави известување дека ќе се прекине изготвувањето и објавувањето на извештајот Doing Business и дека ќе се работи на нов пристап за проценка на деловната и инвестициската клима на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Business на Светска банка.<br>2. Доставување на Информацијата со предлог мерки за подобрување на деловната клима согласно препораките на извештајот Doing Business на Светска банка до Влада на РСМ. | земјите. Новиот пристап на Банката при изготвување на нов извештај се очекува да биде подобар во однос на претходниот Doing Business, и изготвен во соработка со совети од експерти во Светска банка, квалификувани академици и практичари надвор од Банката, вклучувајќи го и приватниот сектор и граѓанското општество преку отворен консултативен пристап. Работниот наслов на новиот извештај на Светска банка се очекува да биде Business Enabling Environment-BEE, но конечниот концепт на извештајот се очекува да биде потврден во наредниот период. Како резултат на наведеното, дел од активностите поврзани со извештајот Doing Business не беа реализирани во текот на 2021 година. | | |

| **Потпрограма 2.2: Управување со јавните финансии, подготовка на Фискална стратегија, Буџет на РСМ и извршување на Буџетот** | **Цел на потпрограмата:**<br>Спроведување на реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување на етапна консолидација на буџетскиот | **Одговорен:**<br>Сектор за буџет и фондови, |
|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | дефицит на среден рок, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, рационално и наменско користење на буџетските средства. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Фискална стратегија на среден рок 2022-2024 (со изгледи до 2026) | Фискална стратегија на среден рок 2022-2024 (со изгледи до 2026) | Усвоена е Фискалната стратегија на Владата на РСМ, во која се дадени среднорочни фискални проекции со кои се опфатени повеќе аспекти: макроекономски показатели, Буџет на РСМ, јавен долг, ризици, транспарентност и унапредување на јавните финансии | Дополнително е Ревидирана фискалната стратегија, согласно последните проекции и економски остварувања |
| 2.Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година | Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година | Донесен во Собранието на РСМ на седницата одржана на 16 декември 2021 година во кој се соодветно планирани приходите и расходите за сите буџетски корисници | |
| 3.Измена и дополнување на Буџетот (Ребаланс) | Ребаланс на Буџетот на РСМ | Од страна на Собранието е донесен Ребалансот на Буџетот во кој се ревидирани првичните проекции на приходите и расходите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија | Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија | Донесен е Законот за извршување во кој се регулира користењето на буџетските средства | се донесува истовремено со донесување на Буџетот на РСМ |
| 5.Пријавување и евиденција на обврски | Пријавување и евиденција на обврски | Тековна активност на буџетските корисници согласно законска обврска | Сите буџетски корисници секој месец од 1-ви до 10-ти пријавуваат обврски на електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО) |
| 6.Унапредување на буџетскиот процес | Унапредување на буџетскиот процес | Процесот е унапреден преку Е-циркулар за доставување на буџетски барања, зголемена транспарентност и воспоставување основно сценарио и нови иницијативи | |
| 7.Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа донесен на Влада на 20.1.2020 година | Во одредбата се предвидува во 2021 година, висината на приходите од данокот на додадена вредност да се обезбедат во висина од 4,5% од просекот на наплатениот данок на додадена вредност во последните три фискални години, наместо 4,5% од наплатениот данок на додадена вредност во последната година.<br>Измената се прави со цел да се олесни работењето на општините во време на КОВИД-19, поради што Владата на Република Северна Македонија определи мерка - Промена на пресметката на основата за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со којашто при издвојување | Мерката не е планирана со Годишниот план и е една од Ковид мерките кои се предложени од Владата, а со која се овозможува поддршка на општините. Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е усвоен од Собранието на Република Северна Македонија на 3 Март 2021 година и е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.53/21 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | средства за единиците на локалната самоуправа, наместо само за претходната година како досега, предвид ќе биде земена пресметката на просечната наплата на ДДВ за претходните три фискални години. | |
| 8.Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година | Уредба за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година е донесена од страна на Владата на 25 Мај 2021 година. | Со Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа „Службен весник на РСМ“ бр. 53/21 во член 9-а е утврдено дека висината на приходите од данок на додадена вредност за 2021 година се обезбедуваат во висина од 4,5% од просекот на наплатениот данок на додадена вредност во последните три фискални години.<br><br>Со Предлог Уредбата за измена на Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2021 година се врши усогласување со член 9-а од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. | Мерката не е планирана со Годишниот план и е една од Ковид мерките кои се предложени од Владата, а со која се овозможува поддршка на општините, односно обезбедување на финансиски средства за нормално функционирање. |
| 9.Закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Предлог Законот е поднесен од група пратеници | Со Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа „Службен весник на РСМ“ бр. 77/21 се додава нов член 22-а каде се утврдува дека општините може да го планираат буџетот со пораст од 50% од просечно реализираните приходи во | Мерката не е планирана со Годишниот план |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | последните три години. Исто така се овозможува општините неискористените средства од пренесениот вишок од претходните години на сметката на дотации да може да ги префрлат на основниот буџет и да ги користат за финансирање на конкретен проект или активност. Измените на законот се однесуваат само за 2021 година | |
| 10.Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година | Донесена е Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2022 година на 29.јуни 2021 година | Со Уредбата 4,5% од реализираниот ДДВ од претходната година, согласно претходно утврдени критериуми се распределува за сите општини | Мерката е планирана со Годишниот план |
| 11.Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е донесен од Владата на 5 октомври 2021 и е доставен на усвојување до Собранието на РСМ | Со Предлогот на Законот Приходите од персонален данок на доход постепено се зголемуваат од 3% на 6% до 2024 година.<br>Приходите од данокот на додадена вредност постепено ќе се зголемуваат од 4,5% на 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година започнувајќи од 2024 година. Истите ќе се распределуваат во три дела и тоа: Основен фонд – 4, 5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување - 0,75%. Се зголемува финансиската дисциплина и ефикасност, намалување и репрограмирање на | Мерката е дополнително додадена во Годишниот план |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | доспеаните, а ненамирени обврски на единиците на локалната самоуправа, Министерството за финансии ќе им се даде можност на општините за користењето на еден од три кредитни инструменти, со цел надминување на проблемите со доспеаните, а неплатени обврски и тоа: користење на условен кредит (standby) од Министерство за финансии, издавање на општинска обврзница за познат купувач – Министерство за финансии, издавање на структурна обврзница од страна на Министерство за финансии. | |
| 12.План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори | Донесен е планот од страна на Владата, кој служи како основа за изработка на Буџетот за 2022 | За фискална консолидација и за ефикасно и одржливо намалување на фискалниот дефицит потребна е комбинација на мерки и на приходна и на расходна страна на буџетот. Имајќи ги предвид ограничените ресурси, како и потребата за финансирање на приоритетни проекти се повеќе ја наметнува неопходноста од усовршување на процесот на буџетското планирање базирано на перформанси и рационализација на одредени расходи и воспоставување на соодветни стандарди. | Не е планиран со Годишниот план |
| 13.Правилник за дополнување на Правилникот за | Правилникот за дополнување на Правилникот за класификација на расходите е | Во Правилникот за класификација на расходите, класата 4-Расходи, во поткатегоријата 41-Резерви и | Не е планиран со Годишниот план |

| | | | |
|---|---|---|---|
| класификација на расходите | објавен во "Службен весник на РСМ" бр. 75/21 | недефинирани расходи, ставка 414- Резерви за капитални расходи, се додаваат десет нови потставки. | |
| 14.Учество во работни групи во НППА и следење на поглавје 3.17- економска и монетарна унија | Учество во работни групи во НППА и следење на поглавје 3.17- економска и монетарна унија | Редовно исполнување на обуките за НППА | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| 1.Закон за Буџети | Закон за Буџети | Усвоен од страна на Владата на РСМ и истиот моментално е во собраниска процедура | Законот за буџети сеуште е во собраниска прцедура |
| 2.Завршна сметка на Буџетот за претходната година | Завршна сметка на Буџетот за претходната година | Усвоен од страна на Владата на РСМ и истиот моментално е во собраниска процедура | Завршната сметка на Буџетот за претходната година сеуште е во собраниска процедура |
| 3.Создавање на услови за оспособување на преостанатата општина да ги исполни условите за II фаза на децентрализација | Општина Пласница се уште не ги исполнила условите за влез во втората фаза на фискалната децентрализација | Поради неисполнувањето на условите целосно не е завршена втората фаза на фискалната децентрализација, односно не завршено пренесувањето на надлежности од централно на локално ниво | Општина Пласница потребно е да направи напори да ги исполни условите за влез во втората фаза на фискалната децентрализација |

| | | |
|---|---|---|
| **Потпрограма 2.3: Трезорско работење, извршување и ликвидност на Буџетот** | **Цел на потпрограмата:**<br>Реформи во јавните финансии, зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на општините, планирање на | **Одговорен:**<br>Сектор за трезор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ликвидност и транспарентно известување | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот Буџет за тековната година | Изготвен и доставен Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот Буџет во Владата на РСМ за тековната година | Од страна на Владата на РСМ усвоен е доставениот Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот Буџет за тековната година | |
| 2.Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот Буџет за претходната година | Изготвен и доставен Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот Буџет во Владата на РСМ | Од страна на Владата на РСМ усвоен е доставениот Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот Буџет | |
| 3.Обезбедување на внес на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС, на начин како што се објавени, односно усвоени | Внесен Буџет на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС | Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС за фискалната година 2021 се вчитани во ТРИС за непречено нивно извршување и на основа на истите редовно и навремено се вчитувани плановите доставени од страна на буџетските | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (вклучувајќи ги и измените на истите). | | корисници за тековна реализација на буџетот | |
| 4.Одржување на сметки во рамки на трезорската сметка за непречено функционирање на платниот промет и нивно евидентирање во ТРИС. | Отворени, затворени и ажурирани сметки во рамки на ТРИС | Постапено по барања на буџетските корисници за отворање, затварање и ажурирање на сметки во ТРИС (тековно) | |
| 5.Внес на барања за плаќања на буџетските корисници преку непречено функционирање на трезорските канцеларии и нивно одобрување . | Внес на брањата за плаќања на буџетските корисници | Редовен и навремен внес на барања за плаќања на буџетските корисници преку непречено функционирање на трезорските канцеларии во ТРИС (тековно) | |
| 6.Изготвување на подзаконски акти со кои се пропишуваат уплатни сметки за јавни приходи заради навремена и правилна наплата на јавните приходи на Буџетот на РМ, буџетите на ЕЛС односно на корисниците на јавните приходи, согласно со Закон и обезбедување на нивна оперативност и | Ажуриран систем на уплатни сметки со обезбедена оперативност во ТРИС и соодветна распределба на средства од истите и подготовка на подзаконски акт со кој се пропишуваат уплатни сметки за јавни приходи | Ажурирање на системот на уплатните сметки (отворени нови уплатни сметки по барање на ресорните надлежни органи со воспоставени критериуми за распределба согласно закон и затворени уплатни сметки по барање на надлежните органи).<br><br>Подзаконскиот акт за пропишување на уплатни сметки за наплата на јавни приходи се ажурира соодветно на барањата на соодветните надлежни органи а објавувањето е согласно динамиката на промени. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| распределба на средства од истите. | | | |
| 7.Извршување на барањата за плаќања од страна на буџетските корисници | Извршување на редовна дневна основа на доставенитебарања за плаќање од буџетските корисници. | Извршувањето на барањата за плаќање се реализира врз основа на воспоставена системска контрола во однос на внесен Буџети финансиски планови во ТРИС (тековно). | |
| 8.Внес и одобрување на финансиски планови заради обезбедување на плански пристап во извршувањето на Буџетот. | Внесени и одобрени финансиски планови | Воспоставен системски внес на финансиски планови на редовна основа доставени од буџетски корисници со цел извршување на барањата за плаќања (тековно) | |
| 9.Внес и одобрување на промени во однос на буџетот на буџетските корисници, врз основа на акти за измена на одобрените лимити по ставки, сметки и програми | Внесени и одобрени промени | Внесени промени на буџетот на буџетски корисници (тековно) | |
| 10.Редовно следење и известување за остварените приходи и реализирани расходи и планирање на ликвидноста на трезорската сметка | Навремено и редовно известување и објавување на податоци за остварените приходи и реализирани расходи и остварен дефицит/суфицит преку објавување на фискални табели (тековно) и следење и | На web страната на Министерството за финансии редовно на месечна основа се објавувани Фискални табели за извршување на буџетотЛиквидноста на трезорската сметка континуирано се следи и планира, во соработка со други релевантни институции и НБРМ. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | планирање на ликвидноста на трезорската сметка. | | |
| 11.Сметководствено евидентирање на остварените приходи и реализираните расходи на Основниот буџет, согласно со организациската и економската класификација. | Дневно евидентирање на остварените приходи и реализираните расходи на Централниот буџет | Сметководствено евидентирање на остварените приходи и реализираните расходи на Централниот буџет, согласно организациската и економската класификација (тековно) | |
| 12.Обезбедување на податоци од web апликација- Е обврски | Достапни податоци за извршување на буџетите и внесени обврски од страна на буџетските корисници | Обезбеден електронски увид за буџетските корисници за извршување на Буџетот и внес на обврски (тековно) | |
| 13.Online внес на барања за плаќања | Воспоставен online внес на барања за плаќање | Обезбедена можност за online внес на барања за плаќање | |
| 14.Активности за имплементација на интегриран информационен систем за управување со јавни финансии | Изработка на тендерска документација за IFMIS | Документацијата се подготвува од страна на експерти од Светска банка во соработка со Секторите во МФ<br>Одржани се on-line состаноци со експерти од Светска Банка за ажурирање на функционалната и техничката спецификација за IFMIS | |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

| Потпрограма 2.4: Меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг | | Цел на потпрограмата: Спроведување на реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување на етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок. | Одговорен: Сектор за МФОУЈД |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Подготовка на договори за гаранција | Усогласен е текстот на Договорот за гаранција за проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“. | Склучен е Договорот за гаранција со Европската инвестициона банка за проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| | Усогласен е текстот на Договорот за гаранција за Патен коридор VIII - I фаза на проектот (делница Букојчани - Кичево). | Склучен е Договорот за гаранција со Европската банка за обнова и развој за Патен коридор VIII - I фаза на проектот (делница Букојчани - Кичево). | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Усогласен е текстот на Договорот за гаранција за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици (ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола). | По усвојување на Предлог Законот за гаранција од страна на Собранието и по објавување на истиот во Сл. весник ќе се пристапи кон склучување на Договорот за гаранција со Европската банка за обнова и развој. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е делумно реализирана.<br>Предлог Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, е во собраниска процедура. |
| | Усогласен е текстот на Договорот за гаранција за КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – РБСМ, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија. | Склучен е Договорот за гаранција со Европската инвестициона банка за КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – РБСМ, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана |
| 2.Подготовка на договори за заем | Усогласен е текстот на Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта. | По усвојување на Предлог Законот за заем од страна на Собранието и по објавување на истиот во Сл. весник ќе се пристапи кон склучување на Договорот за заем со Светска банка. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 3.Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата и Собранието и истиот е објавен во Сл. весник бр.288/21. | Согласно Законот, склучен е Договорот за гаранција со Европската инвестициона банка за проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Интерконектор за пренос на природен гас Грција - Северна Македонија, дел на Северна Македонија“, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост | | | |
| 4.Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Патен коридор VIII - I фаза на проектот, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата и Собранието и истиот е објавен во Сл. весник бр.288/21. | Согласно Законот, склучен е Договорот за гаранција со Европската банка за обнова и развој за Патен коридор VIII - I фаза на проектот (делница Букојчани - Кичево). | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 5.Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата и истиот е во собраниска процедура. | По усвојување на Предлог Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој е во собраниска | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е делумно реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | | процедура, ќе следи потпишување на Договорот за гаранција. | |
| 6.Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – РБСМ, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје | Законот за гаранција е усвоен од страна на Владата и Собранието и истиот е објавен во Сл. весник бр.122/21. | Согласно Законот, склучен е Договорот за гаранција со Европската инвестициона банка за КОВИД-19 одговор на Северна Македонија – РБСМ, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 7.Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за | Законот за задолжување е усвоен од страна на Владата и истиот е во собраниска процедура. | По усвојување на Предлог Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е делумно реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта | | по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, кој е во собраниска процедура, ќе следи потпишување на Договорот за заем. | |
| 8.Учество во Управниот комитет на Инвестициската рамка за Западен Балкан | Учеството на Управниот комитет во јуни и декември 2021 година придонесе за учество и следење на процесот на поднесување и одобрување на апликациите за техничка помош и инвестициските грантови за одделни проекти. | Обезбедени се инвестисики грантови за следните проекти:<br>- Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици (ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола) - грант во износ од 5,058 м евра<br>- Проект за соларна ФЕ Осломеј 1 - грант во износ од 1,56 м евра<br>- Пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје - 71,28 м евра, и<br>- проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 - делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија” - 152,45 м евра. | |
| 9.Координација на МФ за навремено исполнување на обврските на МФ, за подготовка на документите поврзани со процесот на европска интеграција, (НПАА, Придонес кон годишниот | | | Координација на МФ за навремено исполнување на обврските на МФ, за подготовка на документите поврзани со процесот на европска интеграција, (НПАА, Придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови и др.). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| извештај на ЕК, акциски планови и др.). | | | |
| 10.Координирање на процесот на обезбедување на мислење за материјалите во надлежност на Министерството за финансии поврзани со процесот на европска интеграција. | Навремено подготвени мислења за материјалите во надлежност на Министерството за финансии поврзани со процесот на европска интеграција. | Во текот на 2021 година, МФ даде мислење на сите материјали, доставени од Влада и други министерства. | Координирање на процесот на обезбедување на мислење за материјалите во надлежност на Министерството за финансии поврзани со процесот на европска интеграција. |
| 11.Подготовка на сите документи кои произлегуваат како обврска од Оперативниот договор склучен со ПАО и Прирачникот за внатрешни постапки на Вишиот програмски службеник (СПО). | Реализирани обврски од Оперативниот договор склучен со ПАО и Прирачникот за внатрешни постапки на Вишиот програмски службеник (СПО). | Подготвени документи за проектите на Министерство за финансии за релевантни за затворање на ИПА програмата за 2012 година. | Подготовка на сите документи кои произлегуваат како обврска од Оперативниот договор склучен со ПАО и Прирачникот за внатрешни постапки на Вишиот програмски службеник (СПО). |
| 12.Координација на активностите поврзани со управување на ИПА II проектите во потсекторот управување со јавни финанси. | Реализирана Финансиска Спогодба за ИПА 2018 во делот на проектите за Министерството за финанси. | Учество во Управни Комитети за твининг проектите на Министерството за финансии планирани во Акцискиот документ од ИПА 2018 за потсекторот управување со јавни финансии, со кои ќе се реализираат дел од реформите планирани во Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018 - 2021 година. Секторската работна група за управување со јавни финансии (СРГ за | Координација на активностите поврзани со управување на ИПА II проектите во потсекторот управување со јавни финансии. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | УЈФ) го финализираше предлогот за показателите и таргети од Програмата за реформа на УЈФ кои ќе бидат вклучени во системот на Рамката за оценка на резултатите (Pefrormance Assessment Framework). | |
| 13.Координација на активностите поврзани со програмирање на ИПА III во потсекторот управување со јавни финансии. | | Во 2021 година Секторската работна група за управување со јавни финансии (СРГ за УЈФ) го финализираше целиот сет на документи (стратешки одговор за ИПА 3, Акциски документи за 2021 година и финансиски преглед на Акциската програма за 2021). Во август 2021 година иницирано е програмирање за ИПА програма за 2023 година за секторот УЈФ. | Координација на активностите поврзани со управување на ИПА III проектите во потсекторот управување со јавни финансии. |
| 14.Обезбедување на стручно - административна поддршка во функционирањето на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии. | Број на одржани состаноци на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии. | Во на 19 март и 20 септември 2021 година се одржаа два пленарни состаноци на СРГ за УЈФ:<br><br>На 19 март 2021 година беше одржан дијалог за политиките во УЈФ, на кој присуствуваа и членовите и набљудувачите на СРГ за УЈФ. На дијалогот за политики за УЈФ предмет на дискусија беа Нацрт - Годишниот извештај за следење за 2020 година и Нацрт - Акцискиот план за Програмата за реформа на УЈФ за 2021 година.<br><br>На состанокот на СРГ за УЈФ одржан на 20.09.2021 година беше дискутиран | Обезбедување на стручно - административна поддршка во функционирањето на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Полугодишниот извештај за следење на УЈФ за периодот јануари - јуни 2021 година. Консултациите за сите документи во 2021 година беа спроведени во писмена форма преку електронска комуникација, поради ограничувањата наметнати од пандемијата на Ковид-19.<br><br>Документите се усвоени од страна на Владата по претходно одобрување од страна на советот за УЈФ, по писмен пат. | |
| 15.Координација на подготовката, следење и известување за реализацијата на годишните Акциски планови за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии | Изготвени годишни Акциски планови за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии<br><br>Изготвени извештаи за следење на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето на јавни финанси. | Преку Информација на Влада доставени и усвоени се следните документи:<br><br>- Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година е подготвен и усвоен од страна на Владата во април 2021 година.<br>- Годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2020 е подготвен и доставен до Владата во април 2021 година како материјал за информирање.<br>- Извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа | Координација на подготовката, следење и известување за реализацијата на годишните Акциски планови за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на управувањето со јавни финансии за 2021 година, за периодот јануари – јуни 2021 година е подготвен и доставен до Владата во октомври 2021 година, како материјал за информирање. | |
| 16.Спроведување на Акциски план за управување со јавни инвестиции. | Формирана работна група за спроведување на Акцискиот план. | Обезбедена е техничка помош од страна на ММФ за градење на капацитетите на МФ за управување со јавни инвестиции, која започна во јули 2021 година и истата ќе се реализира во неколку мисии со експерти од ММФ до декември 2022 година. Со финалниот извештај од првата мисија од ноември 2021 година начелно се дефинираше институционалната поставеност на новата организациска единица за управување со јавни инвестиции во МФ во функција на измена на актите за систематизација и организација на МФ. | За да започне со извршување на новите функции поврзани со ПИМА, МФ треба да ги измени актите за организација и систематизација, така што ќе се формира и екипира нова единица. Функционалната анализа на МФ предвидува формирање посебна организациона единица за ПИМ. |
| 17.Координација на спроведувањето на ПЕФА. | Доставен финален Извештај од ПЕФА до МФ. | Добиена е поддршка за техничка помош од ММФ и Светската банка за спроведување на втората ПЕФА проценка, која започна на 19 април 2021 година по што во втората половина на јули 2021 година добиен е првичен извештај со препораки за реформските приоритети. Со ПЕФА проценката се обезбеди сеопфатна дијагностика на моменталната состојба во сите под- | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | системи на ПФМ и помогна да се идентификуваат реформските приоритети во процесот на ревизија на Програмата. Исто така, по барање на МФ ОЕЦД/СИГМА обезбеди техничка помош за подготовка на новата Програма. Согласно презентираната временска рамка и насоки од страна на експертите започнати се активности кои треба да се спроведат со цел подготовка на првична драфт верзија на новата Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022-2025 година. | |
| 18.Предлог-Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година | Изготвен Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии | Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година е подготвен и усвоен од страна на Владата во април 2021 година. | |
| 19.Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии со Нацрт-Годишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на 20.Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии во 2021 година. | Изготвен извештај за следење на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето на јавни финанси. | Извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година, за периодот јануари – декември 2021 година е подготвен и доставен до Владата во април 2021 година, како материјал за информирање. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21.Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии со Нацрт-Полугодишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2021-јуни 2021 година. | | Полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари 2021 година – јуни 2021 е подготвен и доставен до Владата во октомври 2021 година како материјал за информирање. | |
| 22.Предлог-Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за период 2022-2027 година. | Подготвена Предлог-Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за период 2022-2027 година. | Во тек е подготовка на Предлог-Програма за реформа на управувањето со јавни финансии за период 2022-2027 година, со техничка помош од ОЕЦД/СИГМА. | Предлог - Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за период 2022-2027 година се очекува да биде подготвена од СРГ за УЈФ и за истата да се спроведе јавна консултација со сите заинтересирани страни. По финализирање на текстот на Програмата, истата ќе биде доставена до Владата за нејзино усвојување, во првиот квартал на 2022 година |
| 23.Издавање на државни хартии од вредност. | Континуирано издавање на државни хартии од вредност | Континуирано издавање на државни хартии од вредност согласно Календарот за издавање на државни хартии од вредност. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24.Давање на мислења по основ на барања за задолжување и/или издавање на државни гаранции на носителите на јавниот долг | Изразување на мислења по основ на поднесени барања за задолжување и/или издавање на државни гаранции на носителите на јавниот долг. | Навремено подготвени мислења по основ на поднесени барања за задолжување и/или издавање на државни гаранции на носителите на јавниот долг. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 25.Следење и координација на активности за обезбедување на кредитен рејтинг на Република Северна Македонија | Обезбедување на оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија | Обезбедени оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 26.Редовно следење на состојбата на државниот и јавниот долг и изработка на извештаи | Извештаите за состојбата на државниот и јавниот долг се објавуваат согласно Календарот за објавување на податоци | Навремено изработена и објавена состојба на државниот и јавниот долг | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 27.Изработка на месечен план на обврските по основ на долгот на државата кои се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Месечните планови на обврските по основ на долгот на државата кои се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија се изработува за потребите на планирање на ликвидноста на Буџетот на РСМ | Континуирана изработка на месечни планови на обврските по основ на долгот на државата кои се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 28.Известување на носителите на долгот на државата за обврските кои | Носители за јавен долг се известуваат за нивни обврски | Навремено известување на носителите на долгот на државата за обврските кои доспеваат во тековниот период | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| доспеваат во тековниот период | кон кредитори кои доспеваат во тековен период | | |
| 29.Редовно сервисирање на обврските од долгот на државата кои се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Сервисирање на обврските кон кредитори од долгот на државата, согласно Законот за јавен долг и кредитни аранжмани склучени со кредитори | Навремено сервисирање на обврските од долгот на државата кои се плаќаат од Буџетот на Република Северна Македонија | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 30.Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2022-2024 (со изгледи до 2026 година) | Стратегијата за управување со јавниот долг ѝ дава рамка на Владата на РСМ за дејствување<br>во насока на прудентно управување со јавниот долг на државата на среден рок. | Податоци за проекции на државен и јавен долг и лимити за ново задолжување, лимити за валутна, каматна и рочна структура. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |
| 31.Годишен извештај за управување со јавниот долг за 2020 година | Има за цел поблиску и на редовна основа да ги информира Владата и Собранието на Република Северна Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на должничкото портфолио на Република Северна Македонија, како и со преземените мерки за негово | Податоци за актуелните податоци за висината и структурата на државниот и јавниот долг заклучно со крајот на 2020 година. | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2021 година и истата е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ефикасно управување во текот на минатата година. | | |
| 32.Закон за регулирање на обврските на Република Северна Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр.76-1 | Законот за регулирање на обврските на Република Северна Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење, е усвоен од страна на Владата и Собранието и истиот е објавен во Сл. весник бр.276/21. | Согласно Законот склучен е Договор за регулирање на користењето и враќањето на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуцијата на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр.76-1. | Оваа активност не е планирана со Годишниот план на МФ за 2021 година, но истата е реализирана.<br><br>Реализацијата на активноста произлегува од новата усвоена Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд. |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| 1.Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот за воспоставување на интегриран информациски систем за управување со финансии | Законот за задолжување,не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување. | Оваа активност не е спроведена и истата ќе биде планирана со Годишниот план за 2022 година. | Оваа активност е планирана во Годишниот план на МФ за 2021 година, но истата не е спроведена.<br><br>МФ активно работи на финализирање на техничките спецификации за воспоставување на интегриран информациски систем за управување со финансии (ИФМИС) во соработка со Светска банка што ќе придонесе во 2022 година да се реализира оваа активност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (ИФМИС) и интегриран даночен информациски систем (ИТИС) | | | |
| 2.Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 - делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија” | Законот за задолжување,не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување. | Оваа активност не е спроведена и истата е планирана со Годишниот план на МФ за 2022 година. | Оваа активност е планирана во Годишниот план на МФ за 2021 година, но истата не е спроведена.<br><br>Надлежните институции активно работеа на подготовка на ВБИФ апликација и во декември 2021 година за кофинансирање на овој проект обезбеден е инвестициски грант од ВБИФ во износ од 152,45 милиони евра.<br><br>Надлежната институција ЈПЖРСМ треба да го надмине застојот на фаза 1 и фаза 2, и едновремено да работи на подготовка на тендерската документација за фаза 3 во соработка со ЕИБ и ЕБРД. |
| 3.Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 - делница Крива Паланка – | Законот за задолжување, не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување. | Оваа активност не е спроведена и истата е планирана со Годишниот план на МФ за 2022 година. | Оваа активност е планирана во Годишниот план на МФ за 2021 година, но истата не е спроведена.<br><br>Надлежните институции активно работеа на подготовка на ВБИФ апликација и во декември 2021 година за кофинансирање на овој проект обезбеден е инвестициски грант од ВБИФ во износ од 152,45 милиони евра. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Деве Баир, граница кон Република Бугарија” | | | Надлежната институција ЈПЖРСМ треба да го надмине застојот на фаза 1 и фаза 2, и едновремено да работи на подготовка на тендерската документација за фаза 3 во соработка со ЕИБ и ЕБРД. |
| 4.Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за изградба на автопатска делница Скопје - Блаце, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта | Законот за гаранција, не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување. | Оваа активност не е спроведена и истата е планирана со Годишниот план на МФ за 2022 година. | Оваа активност е планирана во Годишниот план на МФ за 2021 година, но истата не е спроведена.<br><br>При подготовка на проектот, автопатската делница се подели на два дела: Прва делница од автопатот (од границата со Косово до с. Блаце во должина од 1,9 км), која се реализира и финансира со сопствени средства на ЈПДП, и Втора делница (од границата со Косово до с. Блаце во должина од околу 11 км), чија подготовка е во тек.<br><br>Да се забрза подготовката на потребната документација (надлежните институции во соработка со ангажираните консултанти), за да може МФ да пристапи кон преговори со Европската банка за обнова и развој. |
| 5.Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските под Договорот за заем за Проектот за изградба на | Законот за гаранција, не е подготвен и доставен до Владата на разгледување и усвојување. | Оваа активност не е спроведена и истата е планирана со Годишниот план на МФ за 2022 година. | Оваа активност е планирана во Годишниот план на МФ за 2021 година, но истата не е спроведена.<br><br>Да се забрза анализата на постојната документација и да се комплетира |

| | | | |
|---|---|---|---|
| магистрални гасоводи делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе – Велес, кој ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР | | | целата потребна документација (надлежните институции во соработка со банката), за да може МФ да пристапи кон преговори со Европската банка за обнова и развој. |

| **Потпрограма 2.5: Управување со средствата од ИПА фондовите** | | **Цел на потпрограмата:**<br>Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>Сектор за управување со средства од инструментот за предпристапна помош -ИПА, |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Регулирање на меѓусебните односи помеѓу органите и структурите во насока на следење на оддржливоста | Измени и дополнувања на:<br>Уредбите за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во | Спроведени се верификациски посети од страна на оперативните и управувачката структура со цел осигурување на аспектите на одржливост во рамки на НП 2013 како и дека настанатите и исплатени | Во согласност со веќе воспоставената регулатива, потребата од модификации за дорегулирање и допрецизирање на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на договорите од ИПА по нивно затварање | рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) како и во рамките на системот за децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во насока на регулирање на правилата за одржливост на проектите по нивното завршување.<br><br>Упатство за следење на одржливоста на проектите финансирани од ИПА. | трошоци се во согласност со ЕУ и националните правила како и тековно следење на системот преку воспоставените мониторинг алатки (индикатори, тековно спроведување на процесот за управување со ризици и други алатки кои се на располагање на системот). | индиректно управување со ИПА е постојана и активностите се спроведуваат на редовна основа.<br><br>Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) е доставена до Влада на РСМ на усвојување на 30.03.2021 година од страна на Министерството за финансии.<br><br>Истата е усвоена и објавена во Службен весник бр. 90 од 23 април 2021 година.<br><br>Донесено е Упатство за следење на одржливоста на проектите финансирани од ИПА и истото е доставено до сите засегнати страни. |
| 2.Појасно и попрецизно дорегулирање на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II). | Измени и дополнувања на: Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) во насока на регулирање на правилата за одржливост на | Спроведени се верификациски посети од страна на оперативните органи и управувачката структура со цел осигурување дека настанатите и исплатени трошоци се во согласност со ЕУ и националните правила како и тековно следење на системот преку воспоставените мониторинг алатки (индикатори, тековно спроведување на процесот за управување со ризици и | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) е доставена до Влада на РСМ на усвојување на 30.03.2021 година од страна на Министерството за финансии.<br><br>Истата е усвоена и објавена во Службен весник бр 90 од 23 април 2021 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | проектите по нивното завршување.<br><br>Упатство за следење на одржливоста на проектите финансирани од ИПА. | други алатки кои се на располагање на системот). | Донесено е Упатство за следење на одржливоста на проектите финансирани од ИПА и истото е доставено до сите засегнати страни. |
| 3.Појасно и попрецизно дорегулирање на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за децентрализирано и целосно децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА). | Измени и дополнувања на:<br><br>Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија.<br><br>Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија. | Спроведени се верификациски посети од страна на оперативните органи и управувачката структура со цел осигурување на аспектите на одржливост во рамки на НП 2013 како и дека настанатите и исплатени трошоци се во согласност со ЕУ и националните правила како и тековно следење на системот преку воспоставените мониторинг алатки (индикатори, тековно спроведување на процесот за управување со ризици и други алатки кои се на располагање на системот). | Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија е доставена до Влада на РСМ на 30.03.2021 година.<br><br>Истата е усвоена и објавена во Службен весник бр. 90 од 23 април 2021 година.<br><br>По консултација со Секретаријат за законодавство одредени клучни измени не е возможно од правен аспект да се имплементираат во предлог Уредбата за измена и дополна на Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија. |
| 4.Навремено спроведување на | Спроведувањето на одредбите од склучените | | Оваа активност се спроведува редовно. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| склучените договори, извршување на плаќањата согласно утврдената динамика и следење на имплементацијата на проектите за кои се склучени договори во рамки на компонентите I, III и IV од ИПА 1 и ИПА 2 | договори се врши континуирано, со цел поголема апсорпција на средствата и постигнување на резултати | | |
| 5.Доставување на Барања за финансирање до Европската комисија | Редовно доставувања на Барања за финансирања до ЕК за секоја одделна ИПА програма во зависност од расположливото салдо на сметките во согласност со постапките за работа | Доставени барања за претфинансирање до ЕК по програми.<br>Редовно доставени барања за тековно финансирање до ЕК по програми.<br>Доставени финални апликации до ЕК.<br>Тековно следење на индикаторите за имплементација на ИПА програмите. | Оваа активност се спроведува редовно |
| 6.Редовно следење на доделената акредитација на оперативната структура за имплементација на ИПА | Редовно следење на доделената акредитација на оперативната структура за имплементација на ИПА преку издадени Годишни декларации до ЕК. | Тековно следење на системот преку воспоставените мониторинг алатки (спроведување верификациски посети, индикатори, тековно спроведување на процесот за управување со ризици и други алатки кои се на располагање на системот). | Доставени се годишни Изјави за гаранција за системот за управување со средства од ИПА во рамки на :<br>АП 2014<br>АП 2017<br>Повеќегодишна програма за транспорт животна средина и климатски акции (МААП)<br>ИПАРД Програма 2014-2020 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | до Европската Комисија во февруари 2021 година. |
| 7.Редовно процесирање на барањата за средства од страна на Секторот за централно финансирање и склучување на договори и од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој | Тековно процесирање /контрола и одобрување на барањата за средства од страна на Секторот за централно финансирање и склучување на договори и од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во согласност со постапките за работа. | Тековно процесирање /контрола и одобрување на доставените Барања за плаќања од оперативната структура. | Оваа активност се спроведува редовно |
| 8.Изготвување и доставување на изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА | Изготвување и доставување на изјави за гаранција по одделна компонента/програми до ЕК во согласност со постапките за работа (на годишно ниво) врз основа на следење и контрола на спроведување на работните процеси во текот на годината и врз основа на добиени изјави за гаранции по одделна компонента и програма од страна на ХОС/ПАО, НИПАК/СЕП, ИПАРД Агенција и Тело за управување. | Изјави за гаранции по одделна компонента/програма за 2020 година се доставени до Европската Комисија. | Доставени се годишни Изјави за гаранција за системот за управување со средства од ИПА во рамки на :<br>АП 2014<br>АП 2017<br>Повеќегодишна програма за транспорт животна средина и климатски акции (МААП)<br>ИПАРД Програма 2014-2020 година<br>до Европската Комисија во февруари 2021 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.Редовно известување и консултации со Влада на Република Северна Македонија, Европската комисија и Делегацијата на Европската Унија и спроведување на препораки од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии | Известувањето и консултациите со засегнатите страни се врши на редовна основа, со цел сигурно финансиско управување на средствата од ИПА и надминување на постоечки наоди од спроведени ревизорски мисии.<br><br>Тековна реализација на препораките и надминување на слабостите во системот за имплементација на ЕУ-ИПА фондовите и известување до сите засегнати страни соодветно. | Акциски планови за надминување на наоди од годишни извештаи за ревизорски активности за одделна ИПА програма се изготвени на 20.04.2021 година. Дополнително истите се ревидирани и одобрени од страна на НАО во август 2021 година и ажурирани во Ноември 2021 година.<br><br>Дополнително, Акциските планови за надминување на наоди од Годишни извештаи за ревизорски активности за оперативната структура за одделните ИПА програми од страна на НАО доставени се до Владата на РСМ во септември 2021 година и истите беа усвоени на 26.10.2021 година со заклучоци за спроведување активности за секоја институција дел од системот за управување со средства од ИПА | Од страна на НАО/УС надминати се 100% од отворените наоди од Годишниот Извештај за Ревизорска Активност издаден од страна на Ревизорско Тело во Март 2021 година.<br><br>Издадено неквалификувано ревизорско мислење. |
| 10. Редовно известување до ЕК за идентификуваните неправилности со ИПА | Редовно известување до ЕК за идентификуваните неправилности со ИПА. | Извештаи за неправилности до ЕК. | Доставени 4 квартални извештаи до ЕК во текот на 2021 година. |
| 11.Измени на Прирачници за работа на НИПАК, ЦФЦД, НФ/МС и Оперативните структури | Тековно имплементирање на измените согласно ново настанати организациски околности, ревизорски препораки и ИТ стандарди. | Изменети Прирачници за работа на НИПАК, ЦФЦД, НФ/МС и ОС | Активноста во делот на НФ/МС е реализирана со усвојување на Измените на прирачникот.<br><br>Дополнително, во текот на 2021 година од страна на НАО одобрени се измени на прирачникот за внатрешни постапки за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | работа на ЦФЦД и ИПАРД Агенција, со што тековно се обезбедуваат подобрувања на системот во насока на поефикасна имплементација на ИПА средствата. |
| 12.Спроведување на одредбите од Рамковната спогодба помеѓу РСМ и Европската комисија, како и релевантното право на ЕУ. | Спроведувањето на одредбите од Рамковната спогодба се врши континуирано, со цел непречена работа на ИПА структура, на патот кон нејзиното приближување и преземање на правото на ЕУ.<br><br>Воспоставен и акредитиран систем за имплементација на ЕУ-ИПА фондовите. | Тековна имплементација на акредитираните програми и спроведување на ЕУ-ИПА фондовите.<br><br>Тековно следење на системот во насока на обезбедување ефикасна имплементација на ИПА средствата. | Тековно следење на ефикасноста и ефективноста на системот.<br><br>Доставени се годишни изјави за гаранција за системот за управување со средства од ИПА со кои е потврдена ефикасноста и ефективноста на системот за имплементација на ИПА. |
| 13. Спроведување на ефикасен систем за затварање на програмите со цел осигурување дека сите направени трошоци се во согласност со ЕУ и националните правила | Доставувања на финални декларации до ЕК за секоја одделна ИПА програма согласно финансиската спогодба. | Доставена финална апликација до ЕК. | Активноста во делот на НФ/МС е реализирана. |
| 14. Годишни изјави за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола во рамки на децентрализираното | Изготвени и доставени до ЕК Годишни изјави за гаранција за функционирање на системот на управување и контрола во рамки на децентрализираното | Изјави за гаранции по одделна компонента/програма за 2020 година се доставени до Европската Комисија во рамки на утврдените рокови 28.02.2021, односно 15.02.2021 година, соодветно.. | Годишни Изјави за гаранција за системот за управување со средства од ИПА во рамки на :<br><br>АП 2014<br><br>АП 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| спроведување на ИПА 1 (ДИС) за ИПА Компонента I и ИПА 2 за Повеќегодишната Акциска програма за транспорт, животна средина и климатски акции, и Годишните програми за 2014 и 2017 година за 2020 година | спроведување на ИПА 1 и ИПА 2 најдоцна до 28.02.2021, односно 15.02.2021 година, соодветно. | | Повеќегодишна програма за транспорт, животна средина и климатски акции (МААП)<br><br>ИПАРД Програма 2014-2020 година<br><br>НП 2012<br><br>до Европската Комисија на 28.02.2021, односно 15.02.2021 година соодветно. |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| 1. Добивање на право за индиректно управување со средствата од мерката Рурална инфраструктура од ИПАРД Програмата | Добиено е негативно мислење од страна на ЕК поради недоволен број на вработени во ИПАРД Агенцијата. Правото за индиректно управување со оваа мерка планирано е да се спроведе во рамки на ИПАРД III програмата. | Неспроведувањето на оваа активност влијае на недоволна искористеност на претпристапните фондови на ЕУ. | Согласно Нацрт Записникот бр. 40-10043/1 од 26.10.2021 година, Влада на РСМ ја задолжи ИПАРД Агенцијата да обезбеди оптимален број на вработени.<br><br>Министерството за финансии во текот на 2021 година обезбеди финансиски средства за 27 нови вработувања како и 16 унапредувања. |
| 2. Подготовка и анализа на предлозите на ЕК во однос на системите за управување со ИПА III | Спроведена е првична анализа на Нацрт документите за воспоставување на ИПА III и подготвен е Акциски План за воспоставување на | Оваа активност е повеќегодишна. | Имплементација на активностите утврдени во Акцискиот План. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | индиректен систем за управување со ИПА III за Годишната Акциска Програма за 2022 година во делот на акциските документи во кои е предвидено имплементирање на индиректен начин. Активностите за реализација на оваа активност продолжуваат во 2022 година. | | |
| 3. Информација за реорганизација на националните структури надлежни за управување со средства од Европската Унија со цел нивна подготовка за ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови | Спроведена е првична анализа на Нацрт документите за воспоставување на ИПА III и подготвен е Акциски План за воспоставување на индиректен систем за управување со ИПА III за Годишната Акциска Програма за 2022 година во делот на акциските документи во кои е предвидено имплементирање на индиректен начин. Активностите за реализација на оваа | Оваа активност е повеќегодишна. | Имплементација на активностите утврдени во Акцискиот План придонесува кон зголемена апсорпција на ИПА III средствата како и подготовка на земјата кон ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | активност продолжуваат во 2022 година. | | |

| Потпрограма 2.6: Централно финансирање и склучување договори со донатори и фондови (ЦФСД) | | Цел на потпрограмата: Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | Одговорен: Сектор за ценатално финансирање и склучување договори |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1.Спроведување на одредбите од Рамковната спогодба помеѓу РСМ и Европската комисија, како и релевантното право на ЕУ. | Издадено неквалификувано ревизорско мислење | Спроведувањето на одредбите од Рамковната спогодба се врши континуирано, со цел непречена работа на оперативната структура, на патот кон нејзиното приближување и преземање на правото на ЕУ.<br>Во 2021 година, беа издадени годишни неквалификувани ревизорски мислења од страна на Ревизорското Тело за ИПА за сите програми кои се | Недоволен број и голема флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик во исполнувањето на мерката и резултатот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | имплементираат на децентрализиран/индиректен начин. | |
| 2.Редовно известување и консултации со Влада на Република Северна Македонија, Европската комисија и Делегацијата на Европската Унија и спроведување на препораки од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии. | Надминати 50% од препораките од ревизорските извештаи од надворешните и внатрешните ревизии. | Активностите се спроведуваат континуирано, а се известува на квартално ниво.<br><br>Извештаите се подготвуваат на квартално ниво со цел да се надминат слабостите и ревизорските наоди идентификувани во извештаите.<br><br>Во текот на 2021 година, во ЦФЦД ги спроведуваше препораките од наодите од системска природа, во главно поврзани со капацитетот на човечки ресурси и Прирачниците за работните процеси, кои беа спроведувани во текот на годината.<br><br>Во ЦФЦД беа надминати 50% од идентификуваните наоди од системска ревизија. | |
| 3.Навремена подготовка на тендерската документација со висок квалитет која ќе ги исполнува критериумите за тендерирање на ЕК, пред истата да биде доставена до Делегација на Европската Унија на "ex-ante" контрола. | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи кои се предмет на „ex-ante" контрола за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година. | Покрај документот кој се подготвува врз основа на анализите направени на годишно ниво, овој процес се спроведува и следи континуирано од страна на ЦФЦД.<br><br>За спроведување на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства. | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации се со цел намалување на стапката на одбиени документи. Во текот на 2021 година се одржаа неколку обуки за вработените во оперативната структура со цел зајакнување на капацитетите на структурата во исполнување на оваа мерка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Согласно квантитативните податоци на стапката за суспендирање и одбивање на документите, може да заклучи дека стапката на одбиени документи за 2021 година е 20,61% и истата е зголемена за 4,23% во однос на стапката на одбиени за 2020 година. | |
| 4.Подготовка и доследно почитување на препораките произлезени од научените лекции и добрата пракса согласно добиените коментари од ДЕУ при одбивање / одобрување на тендерската документација доставена на "ex-ante" контрола. | Намалена стапка на одбиени и суспендирани документи кои се предмет на „ex-ante“ контрола за 5% на годишно ниво во споредба со претходната година. | Покрај документот кој произлегува врз основа на анализите направени на годишно ниво, овој процес се спроведува и следи континуирано од страна на ЦФЦД.<br><br>За спроведување на оваа активност клучна улога имаат ресорните министерства.<br><br>Согласно квантитативните податоци на стапката за суспендирање и одбивање на документите, може да заклучи дека стапката на суспендирани документи за 2021 година е 7,95% и истата е зголемена за 0,86% во однос на стапката на суспендирани за 2020 година. | Континуирано се прават напори за подобрување на квалитетот на тендерските документации се со цел намалување на стапката на одбиени документи. Во текот на 2021 година се одржаа неколку обуки за вработените во оперативната структура со цел зајакнување на капацитетите на структурата во исполнување на оваа мерка. |
| 5.Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата согласно утврдената динамика и следење на имплементацијата на | над 70% стапка на исполнување на плановите за јавни набавки<br><br>- над 70% стапка на исполнување на плановите за исплати. | Оваа активност се спроведува континуирано, преку месечно следење на исполнувањето на плановите за набавки и исплати.<br><br>Во 2021 година процентот на реализирани исплати во однос на планирани исплати изнесува 62%. | Недоволен број и голема флуктуација на човечки ресурси во оперативната и управувачката структура претставува ризик во исполнувањето на мерката и резултатот.<br><br>Состојбата со COVID пандемијата придонесе за одвивање на активностите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| проектите за кои се склучени договори во рамки на компонентите I и III од ИПА 1 и ИПА 2. | | Причината за помалата реализација на исплати во однос на планираните, е поради непочитување на роковите и доцнење во доставување на тендерска документација од страна на институциите корисници што предизвикува и доцнење во спроведување на тендерските постапки согласно усвоениот План за јавни набавки врз основа на кој се изработува и Планот за исплати.<br><br>Во 2021 година процентот на исполнување на плановите за јавни набавки изнесува 61,54%. Најголем процент на реализација е евидентиран во годишната програма за 2017 година за образование, вработување и социјална политика. | во многу отежнати услови, кои имаа влијание како на страната на институциите, така и на страната на договорните страни кои ги спроведуваа активностите со забавено темпо.<br><br>Непочитување на дадените рокови во плановите и доставена неквалитетна тендерска документација од страна на институциите корисници е уште еден ризик фактор во навременото спроведување на плановите за набавки. |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **Потпрограма 2.7: Јавни приходи и даночна и царинска политика** | **Цел на потпрограмата:**<br>Постојана надградба и усогласување на регулативата од областа на даночниот и царинскиот систем, како и системот поврзан со оданочување со акциза и оданочување со данок на | **Одговорен:**<br>Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика |
|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | моторни возила со законодавството на ЕУ, изменување на даночната и царинска регулатива како и регулативата од областа на акцизите и оданочувањето на моторните возила согласно со приоритетите на Владата на РСМ и создавање услови за ефикасно функционирање на даночните и царинските постапки како и подобра и поефикасна имплементација на прописите од областа на акцизите и оданочувањето со данок на моторни возила. Воедно, целта на програмата е да обезбеди праведен, ефикасен, транспарентен и достапен даночен систем кој ќе се темели на современи дигитални технологии во функција на постигнување на забрзан, инклузивен и одржлив економски раст како и усогласување на домашното законодавство со европските директиви. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |

| | | | |
|---|---|---|---|
